USAID | MACEDONIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE

## Проект на УСАИД за основно образование - ПЕП
## Зајакнување на капацитетите на училишните одбори

# Финансии на училиште



## Бура од идеи



Што би направиле во вашето училиште доколку би имале неограничен буџет?

# П А Р И Т Е

- ✓ **Со пари можеш да купиш книга,**
  **но не и знаење**

- ✓ **Со пари можеш да го платиш докторот,**
  **но не и здравјето**

*Anthony De Croud*

USAID | MACEDONIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE

# БОГАТИ И СИРОМАШНИ

## Разликата помеѓу развиените и неразвиените држави не е во годините на постоење на државата

**Индија и Египет постојат повеќе од 2000 години и се неразвиени**

**Од друга страна Канада, Австралија и Нов Зеланд со своите скромни 150 години постоење – денес се развиени и богати држави**

# Разликата помеѓу развиените и неразвиените држави не лежи ниту во присутноста на природните ресурси на една држава

USAID | MACEDONIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE

**ЈАПОНИЈА поседува ограничена територија која е 80 % планинска, неприкладна за земјоделие и сточарство, но сепак е втора сила во светската економија**

**Таа држава е како огромна пловечка фабрика која увезува суровини, а извезува готови производи**

**ШВАЈЦАРИЈА нема никакви полиња со какао, но го прави најдоброто чоколадо на светот**

**На својата мала територија таа одгледува добиток и се занимава со земјоделие само 4 месеци во годината**

**Покрај овој недостаток, таа произведува млечни производи од врвен светски квалитет**

**Психолозите и стопанствениците укажуваат дека не постои разлика**

-Ниту според расата, ниту според бојата на кожата

-Емигрантите од неразвиените држави кои биле етикетирани како неработници во своите татковини се продуктивната сила во развиените држави

USAID | MACEDONIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE

# ТОГАШ ВО ШТО Е РАЗЛИКАТА

USAID | MACEDONIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE

# Разликата е во начинот на однесувањето на луѓето

## Начин на однесување кој е оформен низ годините на нивното образование и култура

USAID | MACEDONIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE

**Преку анализирање на однесувањето на луѓето во развиените држави било откриено дека мнозинството од тие луѓе ги следат следните принципи во нивните животи:**

1. Етика, како основен принцип
2. Интегритет
3. Одговорност
4. Почитување на законите и правилата
5. Почитување на правата на другите
6. Трудољубивост
7. Порив за штедење и инвестирање
8. Волја за акција
9. Чувство за навремено извршување на своите задачи
10. Доблест

**Затоа и нам ни е потребна поголема волја за да се придржуваме кон нив, но и да ги учиме нашите граѓани на тие основни, функционални принципи**

# Отчетност на финансискиот план од централното ниво до училишното ниво

# ЦЕНТРАЛНО НИВО

- Министерство за образование и наука
  - ❖ Усогласување на буџетските барања со Министерство за финансии
  - ❖ Распределба на средствата за основно и средно образование до општините
    - Наменски дотации
    - Блок дотации
    - Капитални дотации

# Распределбата на средства: Министерство - општини

- Формули:
  - ❖ Основна сума за секоја општина
  - ❖ Пондериран број на ученици во општина
    - Вкупен број на ученици по општина
    - Густина на население
    - Број на ученици по предметна настава
    - Број на ученици со посебни потреби
    - Број на ученици во средно стручно образование
  - ❖ Стандарден износ по ученик

# Општинско ниво

- Советот на општината е должен да донесе правила и критериуми за распределба на средствата до училиштата

- Програма и буџет за образование за својата територија
- Распределба на финансиски средства
- Задоволување на легитимните потреби на училиштата

- Ги распределува дотациите добиени од централно ниво до училиштата на својата територија
- Дополнува со сопствени средства, од изворните приходи
- Изнаоѓа дополнителни средства за развој на образованието

# Распределба:
# Општина - Училиште

- Општината подготвува финансиска рамка за секое училиште
- Секое училиште подготвува предлог финансиски план и го доставува до општинската администрација
- Општината ги собира финансиските планови од своите училишта и ги прилагодува / усогласува со своите можности
- Општината го одобрува финансискиот план на училиштето

# Училишни приходи

- Национален буџет
- Општина
- Донации и спонзорства
- Сопствени приходи
- Заеми

# Надлежности на УО во однос на финансиите на училиштето

- Го предлага финансискиот план на училиштето до основачот
- Ја предлага завршната сметка до основачот
- Врши финансиски надзор

# Надлежности на УО во однос на финансиите на училиштето

- Донесува одлуки за барање финансиски средства за набавка на нагледни средства и барање средства за подобрување на условите за работата на училиштето

- Донесува одлуки за организирање екскурзии во соработка со Советот на родителите

# Надлежности на УО во однос на финансиите на училиштето

- Донесува одлука за изградба, доградба или адаптација на училишните објекти врз основа на дефинирани приоритети
- Подготвува план за јавни набавки
- Дефинира приоритети за санација, реконструкција
- Донесува одлуки за реализација на капиталните инвестиции

USAID | MACEDONIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE

## Процедури и календар за изготвување на Финансиски план на училиштето:

- Формирање на Комисија за финансиски прашања – **август** – Утврдување календар за изготвување на Финансискиот план
- Пуштање на циркуларно писмо до Стручните активи, Советот на родителите и Директорот на училиштето – запознавање, идентификување и давање на приоритети на образовните потреби и претпоставки за главни ресурси - **август**

- Прибирање на податоци за потребите на стручните активи – Стручни активи - **септември**
- Давање на предлози од  Советот на родители за подобрување на условите во училиштето – **септември**
- Разгледување на приоритетите од Годишната програма за работа на училиштето - предвидување средства за нивна реализација преку реална проценка на потребните средства – **септември/октомври** - Комисија за финансиски прашања/директор на училиштето

USAID | MACEDONIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE

- Дефинирање на приоритети за Капитални инвестиции кои се во согласност со развојниот план на училиштето – **септември/октомври** – Комисија за финансиски прашања/директор на училиштето
- Разгледување на Правилникот за систематизација и потребите за финансиски средства за платите на вработените – Комисија за финансии. Директор, книговодител - **септември/октомври**
- Разгледување на пристигнатите предлози, дефинирање на приоритети врз основа на реалните средства со кои ќе располага училиштето во наредната година - Комисија за финансиски прашања/директор/книговодител/ **крајот на октомври или почетокот на ноември**.

- Усогласување на финансискиот план согласно предвидените средства од страна на општината – Комисија за финансиски прашања/ директор/ книговодител/ **крајот на октомври или почетокот на ноември**.
- Разгледување на финансискиот план-Училишен одбор/најдоцна до **15 ноември.**
- Усвојување на финансискиот план на училиштето од страна на Советот на општината/ најдоцна до **15 декември**

# Училиштето ги има следниве сметки:

- Сметки за основен буџет (603, 903)
- Сметки на буџет од самофинансирачки активности (787)
- Сметки на буџет на дотации (785)
- Сметки на буџет на заеми

USAID | MACEDONIA

FROM THE AMERICAN PEOPLE

# Време е за...



# ДОПОЛНИТЕЛНИ ФИНАНСИИ

Дискусија:

Што подразбираме под дополнителни финансиски средства во училиштето

# Домашни извори

- Општина
- Средства за рамномерен регионален развој
- Домашни фондации и донатори (претпријатија, општествена корпоративна одговорност)
- Сопствени акции и настани
- Јавно – приватни партнерства

USAID | MACEDONIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE

# Странски извори

- Донатори и фондации
  - Сектор за европски интеграции – координатор на странската помош
  - УСАИД/ПЕП
  - Светска Банка – Проект за модернизација на образованието
  - Швајцарска програма за развој
  - Други билатерални програми за помош
- ЕУ Програми (ИПА, Доживотно учење)

# ВЕЖБА 1

**Група 1:**

Изработка на финансиски план за сметката за **наменски дотации**

**Група 2:**

Изработка на финансиски план за сметката за **сопствени приходи**

**Група 3:**

Изработка на годишен план за **јавни набавки**

USAID | MACEDONIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE

## Време е за...



# Управување и одржување на училишни објекти

- Која е улогата на општината во управувањето со училишните објекти и нивното одржување?
- Која е улогата на директорот?
- Која е улогата на училишниот одбор?

1. **Управување и одржување на училишни објекти**
2. **Проценка на училишни објекти**

- Одржување и користење на податоци
- Процедура на проценка на училишни објекти
- Одредување и користење на критериуми при утврдување на приоритетни потреби
- Рангирање на инвестициски проекти по критериуми

3. **Менаџирање на инвестиции**

- Обезбедување на средства од буџетот на училиштето за капитални инвестиции во образованието
- Аплицирање за инвестициски проекти

# Управување и одржување на училишни објекти

**Општината:**

- Градоначалник
- Одговорен за образование (Одделение за образование)

**Училиштето:**

- Директорот на училиштето
- Училишен одбор

**Училишен објект**

# Проценка на училишни објекти

## На ниво на централно училиште

Евиденција на училишни објекти

①



Проценка на училишните објекти и потреби

②



Приоритетна листа

③



USAID | MACEDONIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE

# Одржување и користење на податоци

- **Општи податоци за училиштето:** име и адреса на училишниот објект, основни општи податоци за објектот и за парцелата, како и катастарски податоци.
- **Податоци за запишување:** број на паралелки и ученици, поделени по одделенија, а по можност и по смени и по јазик на кој ја следат наставата.
- **Податоци за вработувањата:** број на вработени во објектот, за наставен кадар податоци за неделниот број часови што ги одржуваат во тој објект, а за ненаставниот кадар делот од полното работно време кое го минуваат работејќи во тој објект.
- **Финансиски податоци:** финансиските планови на училиштата заедно со главните категории (плати, греење, други форми на енергија, потрошен материјал и материјални средства).

# Процедура за проценка на училишни објекти

1. Општи податоци за училиштето
2. Податоци за училишниот објект
3. Податоци за училишниот двор
4. Податоци за постоечката инфраструктура
5. Техничка проценка на податоците за објектот
6. Податоци за основната училишна опрема

# Проценка на позициите на објектот

- Конструкцијата на објектот
- Кров
- Надворешни ѕидови (фасада)
- Внатрешни ѕидови, тавани
- Подови
- Прозорци
- Врати
- Санитарна опрема
- Електрична инсталација
- Систем за греење

# Одредување приоритети

УО дефинира листа на критериуми за одредување на приоритетите.

Предложена листа на критериуми:

- **Безбедност** (конструкција, кров, електрична инсталација)
- **Основни потреби на учениците** (тоалети, прозорци)
- **Попречување на образовниот процес** (систем за греење)
- **Подобрување на стандардот** (малтерисување, под, фасада)

Листата е отворена, секој УО може да ја менува и дополнува

# Одредување на приоритети

- Секое училиште одредува листа на приоритети врз база на однапред определените критериуми од страна на општината
- Директорот и училишниот одбор ја формираат листата на приоритети
- Врз база на приоритетните листи училиштата праќаат барања за инвестиции до МОН, општината и донаторите

# Управување со инвестиции

- Обезбедување на средства од буџетот на училиштето за капитални инвестиции во образованието
- Аплицирање за инвестициски проекти

# Инвестиции во образованието

- За проектите за инвестирање во образованието е потребно долгорочно планирање
- Планирање на средства од општината и донаторите
- Учество на општината и училиштето

# Барање за инвестиции

Барањето за инвестиции, од училиштата до општината, треба да содржи:

- Основни податоци за училиштето
- Број на корисници и демографска структура
- Цел на реконструкцијата (идентификувани проблеми)
- Што опфаќа реконструкцијата (опис на зафатот, цели, оправданост, и сл.)
- Влијание на реконструкцијата врз педагошкиот процес, заштеда на енергија, итн.
- Буџет потребен за реализација на реконструкцијата (предвидени трошоци)

# Предлог-проектите треба да бидат:

- Сеопфатни
- Комплетни во документацијата
- Реално да одговараат на потребите
- Да се следат инструкциите и процедурата
- Во врска со приоритетите на општината, МОН, донаторот
- Во врска со развојните документи на училиштето и општината

# Техничка документација

Во прилог на барањето се доставува техничка документација изработена од лиценцирани компании и поединци:

- Опис на предвидените работи
- Основни скици и цртежи
- Предмер - пресметка

# Соработка со МОН

- По предлог барањата решава МОН, а одлуката ја носи Владата на РМ
- МОН оперативно ја спроведува постапката (тендерирање, склучување на договори за градење и надзор)
- За инвестиции до 1.000.000 Министерството ги префрла средствата на училиштата, кои понатаму ја спроведуваат постапката
- Изведување
- Надзор од општината и училиштето

# Соработка со донаторите

- Комуникација со донаторите
- Критериуми по кои се одобруваат проекти
- Начин на аплицирање
- Поседување на техничка документација

# Време е за...



USAID | MACEDONIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE

# ВЕЖБА 2

Работа во три групи (30 мин.)

- Подготовка на апликација, одредување на приоритети
- Презентација (3 x 10 мин.)